## КОНКУРС ЗА НАСТАВНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ, СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ И РОДИТЕЛИ:

Драги наши,
Просветно Дело и оваа година распишува конкурс за учество во проект преку кој и Вашиот НОВОГОДИШЕН БАЗАР може да биде супер тематска забава - производ на низа забавни проектни активности, кои ќе донесат радост во училниците и занималните, во периодот што следува.

Време е за уште една “Чудесна Лабораторија”, со бесплатен ПРИРАЧНИК за интегрирани зимски работилници, работни листови и игри, изграден врз национални стандарди, базиран на социо-емоционален развој, јазично и ликовно творештво, насочен кон унапредување на соработката помеѓу семејството и училиштето односно градинката.
Поттикнува вештини за пренамена на материјали, плетење, готвење, организација и иновации.

ВОЗРАСТ - 5 до 11 години
Наставниците и воспитувачите, по пат на раскажување на бајката и реализација на креативни зимски работилници можат да ги вклучат и родителите. Ќе ни биде чест и задоволство.

За пријава и бесплатно преземање на прирачникот и работните листови испраќате кратка порака ,,Шаренград", на следната Меил Адреса **cudesnalaboratorija2@gmail.com.**
Наставникот тековно си одредува неделна динамика и вкупен број на реализирани активности.
Минимумот активности за успешна реализација е 6.

Се' што Ви треба дополнително е барем една книга ,,Тајната на Сината Самовила". Книгата е достапна во книжарниците на Просветно Дело.

Сертификати и награди од тимот на Просветно Дело, доаѓаат за најдобрите во текот на 2024.
Сите учесници по завршување на проектот, треба да испратат порака со податоци на ментор, училиште, одделение, и фотографии за доказ од реализацираните активности најдоцна до 15.02.2024.

Драги креативци, Ве очекуваме!
Срдечен поздрав од тимот на Просветно Дело.

ПРОСВЕТНО ДЕЛО

**Тајната на Сината Самовила”. Книгата е достапна во книжарниците на Просветно Дело или онлине нарачка на www.prosvetno delo.com.mk само со еден клик тука.**

www.prosvetnodelo.com.mk